Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

1. Исни Јакупи се разрешува од должноста член на Управниот одбор на ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје се именува Касам Демири.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-8098/1
14 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

3422.

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 октомври 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.140/19), во членот 2, во точката а), во воведната реченица износот „31.500.000,00“ се заменува со износот „34.000.000,00“, во потточка 3, износот „9.500.000,00“ се заменува со износот „12.800.000,00“, а во потточка 9, износот „600.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Потточката 10, се брише.

Во точката б), во воведната реченица износот „15.000.000,00 “ се заменува со износот „ 12.500.000,00“.

Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7252/1
14 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

3423.

Врз основа на член 39 став (5) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18) министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕСМЕТКАТА НА ДАНОК НА ДОБИВКА ПРИ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на пресметката на данок на добивка при престанување на условите за даночно ослободување.

Член 2

Пресметката на данок на добивка при престанување на условите за даночно ослободување се поднесува на образец „ДД-ДО” изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на пресметката од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-9107/1
15 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска**, с.р.